

**Фотографии од моето патување во Израел. Витлеем, ноември 2011**

Витлеем (Bethlehem) град на Западниот Брег, кој се наоѓа блиску до Ерусалим. Градот е познат бидејќи овде е родното место на Исус Христос. Поради тоа, во негова чест во градот е изградена базилика Рождество Христово.

Во Витлеем исто така е роден и Давид, поради што во Библијата градот многу често е нарекуван „градот на Давид'".

Витлеем се наоѓа на околу 20 км од Ерусалим, на 765 m надморска височина, во градот живеат околу 20.000 жители.

Витлеем за прв пат се споменува во Библијата, во која пишува дека Јаков својата жена Рахела ја „покопал" на патот кон реката Еуфрат, односно Витлеем.

Многу Христијани ја посетуваат црквата Рождество Христово.

Црквата се наоѓа на плоштадот Мангер, што во превод значи јасли.

Црквата е една од најстарите цркви и е сеуште во функција.

Таа се состои од два дела – базиликата Рождество Христово и црквата Св. Катрин.

Најважно од се е пештерата на Рождество Христово.

Таму се наоѓа сребрената ѕвезда и тоа место се смета за точното место на Рождество

Христово.

**Фотографии од моето патување во Израел. Витлеем, ноември 2011 година**








BETHLEHEM























































**Сребрената ѕвезда - точното место на Рождество Христово**

